Врз основа на член 36 став (1) точка 1, а во врска со член 25 став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), Управниот одбор на Националната установа Национална опера и балет Скопје, на седницата одржана на 12.06.2026 година, донесе

# С Т А Т У Т
# на Националната установа Национална опера и балет Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување
### Член 1

(1) Со овој статут се уредуваат називот, седиштето, правната положба, застапувањето, дејноста, предметот на работа, организацијата, органите и нивниот делокруг, правата, обврските и одговорностите на органите, постапката за избор и разрешување на директорот, финансирањето, информирањето и обезбедувањето јавност во работата и други прашања кои се утврдени со Законот за културата и во друг закон, а кои се од значење за работењето на Националната установа Национална опера и балет Скопје (во понатамошниот текст: Националната опера и балет).

(2) Министерот за култура и туризам дава согласност на статутот од ставот (1) на овој член.

### Назив и седиште
### Член 2

(1) Целосниот назив на Националната опера и балет гласи: „Република Северна Македонија, Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ Скопје, Republika e Maqedonisë së Veriut Institucioni Nacional OPERA DHE BALETI NACIONAL Shkup, Republic of North Macedonia National Institution NATIONAL OPERA AND BALLET Skopje“.

(2) Скратениот назив на Националната опера и балет гласи: „НУ Национална опера и балет, IN Opera dhe baleti nacional, NI National Opera and Ballet“.

(3) Седиштето на Националната опера и балет е во Скопје, на бул. Гоце Делчев бр. 4.

**Основач и сукцесија**
**Член 3**

(1) Основач на Националната опера и балет, со претходен назив Национална установа „Македонска опера и балет“ е Владата на Република Македонија, со Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата („Службен весник на Република Македонија” бр. 84/03, 13/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/24).

(2) Националната опера и балет е правен следбеник на ООЗТ Опера со број на регистрација во надлежниот регистарски суд 1-592-3-0-0, ООЗТ Балет, бр. 1-592-4-0-0 и ООЗТ Сценска техника, бр. 1-592-2-0-0 на РО Македонски народен театар од Скопје бр. 1-592-0-0-0, Кеј Димитар Влахов бб.

(3) Официјалното формирање на Македонскиот народен театар е извршено со Решението од 31 јануари 1945 година, донесено од Президиумот на АСНОМ.

**Правна положба**
**Член 4**

(1) Националната опера и балет е непрофитна национална установа од областа на културата, со права, обврски и одговорности утврдени со закон, колективен договор, овој статут и други општи акти.

(2) Националната опера и балет има својство на правно лице, запишано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

(3) Во правниот промет со трети лица Националната опера и балет настапува во свое име и за своја сметка, а за своите обврски одговара со средствата со кои располага и за целиот износ на обврските.

(4) Националната опера и балет може да изврши статусни измени (да изврши спојување, припојување, поделба и/или издвојување) само со претходна одлука на Владата на Република Северна Македонија.

**Печат и штембил**
**Член 5**

(1) Во своето работење Националната опера и балет употребува печат и штембил.

(2) Печатот има форма на круг, со пречник од 40 мм по чија внатрешна страна, полукружно, на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански јазик и латинично писмо е испишан текстот: „Република Северна Македонија, Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ“ Republika e Maqedonisë së Veriut, Institucioni Nacional OPERA DHE BALETI NACIONAL“, со зборот „Скопје/Shkup“ во долниот дел на печатот, а во средината - грбот на Република Северна Македонија.

(3) Штембилот е правоаголен, со димензии: должина 65 мм и ширина 40 мм, над испишаниот текст стои грбот на Република Северна Македонија и со текст под грбот испишан на кирилско/латинично писмо, кој гласи: „Република Северна Македонија, Republika e Maqedonisë së Veriut", под кој следи текст: „Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ, Institucioni Nacional OPERA DHE BALETI NACIONAL". Во средината има ознака: „Бр./Nr. ______." На долниот раб се наоѓа линија за означување на датумот: „______"., под која стои зборот: „СКОПЈЕ/SHKUP".

(4) Печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член ги чува и употребува овластено лице, задолжено за извршување на работите во писарницата со решение од директорот на Националната опера и балет.

(5) Лицето од ставот (4) на овој член и директорот на Националната опера и балет се одговорни за правилното чување и употребата на печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Начинот на употребата, чувањето и ракувањето со печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член се утврдува со општ акт, кој на предлог на директорот на Националната опера и балет, го донесува управниот одбор на Националната опера и балет.

**Заштитен знак**
**Член 6**

(1) Националната опера и балет има свој заштитен знак.

(2) Заштитниот знак на Националната опера и балет претставува стилизиран приказ на петолинието и виолинскиот клуч сплетени во кружен венец, кои ја изразуваат музиката што ја поврзува операта и балетот во една бесконечност изразена со стилизирани букви О и Б кои се наоѓаат во центарот на музичкиот венец со текст Национална опера и балет. Под заштитниот знак стои текст: „Република Северна Македонија НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ, Republika e Maqedonisë së Veriut OPERA DHE BALETI NACIONAL, Republic of North Macedonia NATIONAL OPERA AND BALLET"."

(3) Начинот и условите на користење на заштитниот знак од ставот (1) на овој член се утврдуваат со одлука на управниот одбор на Националната опера и балет.

**Застапување и претставување**
**Член 7**

(1) Во правниот промет со трети лица, Националната опера и балет ја претставува и застапува директорот, без ограничувања.

(2) Друго лице може да ја претставува и застапува Националната опера и балет само врз основа на писмено овластување (полномошно), кое е дадено од страна на директорот на Националната опера и балет.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, полномошникот ја застапува и претставува Националната опера и балет во границите на даденото полномошно.

**Овластени потписници на сметките**

**Член 8**

(1) Националната опера и балет има буџетска сметка за единка - корисник на Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Овластен потписник на буџетската сметка на Националната опера и балет е директорот, без ограничување.

(3) Управниот одбор на Националната опера и балет може со одлука да определи и втор потписник или повеќе други потписници на жиро-сметките, односно трезорските потсметки на Националната опера и балет.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член, управниот одбор на Националната опера и балет со истата одлука ги утврдува начинот на потпишување и евентуалните ограничувања на износите до кои тие потписници можат да потпишуваат.

## II. ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА

**Основна дејност**

**Член 9**

(1) Основна дејност на Националната опера и балет е „Изведувачки уметности“ (шифра: 90.200).

(2) Дејноста од ставот (1) на овој член е од национален интерес.

(3) Во согласност со Законот за културата, Националната опера и балет ги врши следните работи:

1. Подготовување и јавно изведување на оперски, оперетски, балетски, танцови, и други уметнички дела;
2. Подготвување и јавно изведување на музички дела;
3. Врши и други работи согласно со закон и овој статут.

(4) Измени и/или проширување на дејноста на Националната опера и балет може да се направат само со претходна согласност од основачот, односно од Владата на Република Северна Македонија.

**Дополнителна дејност**

**Член 10**

Покрај основната дејност Националната опера и балет ги врши и следниве дополнителни дејности:

1. Останати помошни дејности во уметничкото творештво и изведувачките уметности (шифра: 90.390);

2. Литературно и музичко творештво (шифра: 90.110);
3. Останато уметничко творештво (шифра: 90.130);
4. Издавање книги (шифра: 58.110);
5. Издавање на списанија и периодични публикации (шифра: 58.130);
6. Други издавачки дејности освен издавање софтвер (шифра: 58.190);
7. Дејности за снимање звучни записи и издавање музички записи (шифра: 59.200);
8. Репродукција на снимени медиуми (шифра: 18.200);
9. Работење на објекти за уметнички настани (шифра: 90.310).

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТЕЊЕТО

**Организациона поставеност**

**Член 11**

(1) Работењето на Националната опера и балет се организира преку организациони единици и работни места во нивниот состав, кои поблиску се утврдуваат со Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места во Националната опера и балет.

(2) Со правилниците од ставот (1) на овој член, се утврдува обемот, организацијата и природата на работните задачи во организационите единици, како и потребниот број извршители за нивно извршување.

(3) Вршењето на работите на вработените како даватели на услуги/носители на дејност во Националната опера и балет се уредува во согласност со Законот за културата и соодветниот закон за дејноста, а вршењето на правните, сметководствено-финансиските, административно-стручните и општите работи се организира во организационите единици согласно со прописите за административни службеници и прописите за вработените во јавниот сектор, прописите за работни односи и прописите од областа на културата.

## IV. ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

**1. Орган на раководење**

**Директор**

**Член 12**

(1) Орган на раководење на Националната опера и балет е директорот.

(2) Директорот на Националната опера и балет ги врши следниве работи:

1. ја води работата на Националната опера и балет;
2. ја застапува Националната опера и балет и одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста и економичноста на нејзината работа;

3. донесува годишна програма за работа на Националната опера и балет по претходна согласност на управниот одбор;
4. ги извршува одлуките на управниот одбор;
5. ја организира реализацијата на годишната програма за работа на Националната опера и балет;
6. донесува акти за систематизација на работните места и за внатрешна организација;
7. донесува акти во врска со работниот однос на вработените согласно со закон;
8. формира уметнички совет и други советодавни тела (трајни и повремени), согласно со овој статут;
9. склучува договор со кој ангажира надворешно лице како уметнички советник согласно закон, во рамките на одобрените средства за работа на Национална опера и балет;
10. доставува извештај на секои шест месеци до министерот за култура и туризам за финансиското работење на Националната опера и балет и извештај за остварувањето на годишната програма за работа на Националната опера и балет,
11. доставува извештај во првиот квартал од тековната година за претходната година до Министерството за култура и туризам за реализација на годишната програма за работа на Националната опера и балет,
12. донесува годишен план за вработување за следната година по претходно мислење на Министерството за јавна администрација и претходна согласност од Министерството за култура и туризам;
13. формира Комисии за водење на дисциплински постапки за дисциплинска неуредност или дисциплински престап;
14. донесува решенија за дисциплински мерки согласно закон;
15. донесува решенија за аудиција и реаудиција согласно закон;
16. одобрува службени патувања во земјата и странство на вработени во Националната опера и балет;
17. раководи со организирањето и спроведувањето на подготовките за одбраната;
18. се грижи за правилно и навремено информирање на вработените и јавноста;
19. издава упатства и донесува наредби;
20. донесува решенија и други поединечни акти согласно со закон;
21. обезбедува услови за непречен пристап и вршење на управен и инспекциски надзор, ревизија и друг вид контрола на работењето на Националната опера и балет од страна на надлежни органи, и
22. врши и други работи согласно со закон и овој статут.

**Член 13**

(1) Директорот на Националната опера и балет се избира по пат на јавен оглас, што се објавува преку средствата за јавно информирање.

(2) Директорот на Националната опера и балет се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.

(3) Јавниот оглас за директор го распишува Министерството за култура и туризам, согласно со општите услови утврдени со Законот за културата и посебните услови утврдени со овој статут.

(4) Министерот за култура и туризам го избира и разрешува директорот на Националната опера и балет, најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор.

(5) Директорот кој е избран од редот на вработените лица во Националната опера и балет по истек на мандатот или при престанок на мандатот, се распоредува на работното место кое му мирува или на друго работно место, кое е соодветно на степенот на неговата стручна подготвка.

**Член 14**

(1) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови утрдени со Законот за културата.

(2) Покрај општите услови утврдени со Законот за културата, за директор на Националната опера и балет може да биде избрано лице кое ги исполнува и следниве посебни услови:

- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование од научното подрачје на хуманистичките науки или од научното подрачје на општествените науки.

**Член 15**

Директорот на Националната опера и балет е должен на секои шест месеци да доставува извештај до министерот за култура и туризам, на начин утврден со Законот за културата.

**Член 16**

Директорот доколку утврди неправилности во работата на Националната опера и балет должен е да превземе мерки за отстранување на тие неправилности, а по потреба може да формира и стручна комисија за разгледување на одреден случај.

**Член 17**

Директорот на Националната опера и балет може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран во случаи утврдени со закон.

**Член 18**

(1) Во случај кога не е избран директор или предвреме му престанал мандатот, министерот за култура и туризам веднаш именува вршител на должноста директор на Националната опера и балет, без објавување на оглас, од редот на вработените лица во Националната опера и балет.

(2) Вршителот на должноста ги има сите права и обврски на директор на Националната опера и балет.

(3) Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на Националната опера и балет, а најдолго за шест месеци.

**2. Орган на управување**

**Управен одбор**

**Член 19**

(1) Орган на управување на Националната опера и балет е управниот одбор.

(2) Управниот одбор на Националната опера и балет го сочинуваат пет преставници кои ги именува и разрешува министерот за култура и туризам, од кои двајца се преставници од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден е од локалната самоуправа и двајца преставници од вработените на Националната опера и балет. Во установа со помалку од десет вработени во управниот одбор се именува еден член од вработените, еден од локалната самоуправа и три члена од редот на истакнати поединци од областа на културата. Претставникот на локалната самоуправа во управниот одбор го предлага градоначалникот на единицата на локалната самоуправа каде што се наоѓа седиштето на установата.

(3) Претседателот и членовите на управниот одбор на Националната опера и балет се именуваат врз принципот на стручност и компетентност, за време од четири години и може повторно да бидат именувани.

(4) На претседателот и на членовите на управниот одбор на Националната опера и балет им следува соодветен паричен надоместок што го определува министерот за култура и туризам.

**Член 20**

(1) Претседателот на управниот одбор ги свикува седниците, го предлага дневниот ред и раководи со седниците на управниот одбор.

(2) Во оправдано отсуство на претседателот на управниот одбор, седниците ќе ги свикува, ќе го предлага дневниот ред и ќе раководи со седниците на управниот одбор лице определено од самиот управен одбор, на начин и во постапка утврдена со деловникот за работа на управниот одбор.

(3) Управниот одбор може да работи и да одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на управниот одбор.

(4) Одлуките на управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на управниот одбор.

(5) Претседателот и членовите на управниот одбор се должни да присуствуваат на седниците на управниот одбор.

(6) За својата работа, управниот одбор е одговорен пред министерот за култура и туризам.

(7) Директорот на Националната опера и балет има право и должност да учествува во работата на управниот одбор, во подготвувањето на седниците на управниот одбор, да укажува на законитоста и одлучувањето на управниот одбор, без право на одлучување.

(8) Претседателот и членовите на управниот одбор на Националната опера и балет не може да имаат лично, преку трето лице или по било која основа интереси во Националната опера и балет, кои можат да имаат какво било влијание на неговата независност и непристрасност во управувањето во Националната опера и балет.

(9) Претседателот и членовите на управниот одбор на Националната опера и балет се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес.

**Член 21**

Управниот одбор на Националната опера и балет:

1) Донесува статут;

2) Ги утврдува политиката и принципите за развој и работа на Националната опера и балет;

3) Дава согласност на нацрт-годишната програма на Националната опера и балет по предлог на директорот;

4) Го усвојува годишниот извештај за работата на Националната опера и балет по предлог на директорот;

5) Дава согласност на актот за внатрешна организација и за систематизација на работните места на Националната опера и балет;

6) Донесува документи за финансиското работење на Националната опера и балет, согласно со прописите за материјално и финансиско работење;

7) Одлучува во втор степен за решенија што ги донесува директорот;

8) Дава образложен предлог на министерот за култура и туризам за разрешување на директорот;

9) Донесува деловник за својата работа;

10) Го следи остварувањето на годишната програма за работа на Националната опера и балет;

11) Донесува правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас, по предлог на директорот;

12) Донесува правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, начинот на спроведување на реаудицијата, како и начинот на нивно бодување, по предлог на директорот;

13) Донесува правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата, висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво, по предлог на директорот;

14) Донесува други акти согласно со овој статут и со закон;

15) Еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Министерството за култура и туризам;

16) Врши други работи утврдени со закон и статут.

**Член 22**

(1) На претседател или на член на управниот одбор може да му престане мандатот, доколку:

1. поднесе оставка;

2. е осуден за кривично дело со правосилна судска пресуда со која е изречена казна затвор во траење од најмалку шест месеци;

3. кај него настанала трајна или привремена неспособност за непречено вршење на функцијата подолго од шест месеци.

(2) Претседател или член на управниот одбор може да биде разрешен пред истекот на мандатот доколку:

1. работи спротивно на закон и овој статут;

2. се констатира дека по негова вина Националната опера и балет не ја остварува својата дејност;

3. неоправдано отсуствува трипати едноподруго од седници на управниот одбор или не ја врши должноста подолго од шест месеци;

4. се утврди дека има лично, преку трето лице или по која било основа, интереси кои можат да влијаат врз неговата независност и непристрасност во работата на управниот одбор, односно судир на интереси;

5. не учествува во одлучувањето за прашања од надлежност на управниот одбор најмалку трипати во рок од една година.

(3) Претседател или член на управен одбор може да биде разрешен пред истекот на мандатот и на образложен предлог од оној кој го предложил.

**Член 23**

Управниот одбор донесува деловник за работа и одлучување на управниот одбор.

**а. Стручни тела**

**Уметнички совет**

**Член 24**

(1) За разгледување на определени прашања од стручен карактер, директорот на Националната опера и балет може со решение да формира уметнички совет.

(2) Со решението од став (1) на овој член се определува составот и делокругот на работа на уметничкиот совет.

(3) Со седниците на уметничкиот совет претседава директорот на Националната опера и балет.

(4) Уметничкиот совет на Националната опера и балет, ги врши следниве работи:

1. Развива, спроведува и оценува годишни и месечни програми;
2. Учествува во развивањето на буџетот на Националната опера и балет, кој го прави директорот на установата;
3. Дава предлози за градење на односи со други културни организации и партнери на Националната опера и балет;
4. Учествува во подготовка, организација и реализација на концертни - програми и проекти во согласност со планот за работа на Националната опера и балет;
5. Развива тематски музички програми,
6. Учествува во дизајнирање на костими и реквизити;
7. Извршува и други работи поврзани со програмата на Националната опера и балет.

**Член 25**

(1) По потреба, директорот може да формира и други стручни и советодавни комисии и други работни тела.

(2) Бројот на членовите, надлежноста, времетраењето, задачите, мандатот и делокругот на работа на комисиите и на работните тела се утврдува со актот за нивното формирање..

(3) За член на комисиите, односно работните тела, едно исто лице може да биде избрано повеќе пати.

(4) Комисиите односно работните тела за својата работа одговараат пред директорот на Националната опера и балет и должни се да му поднесуваат извештај за извршената работа.

## V. РАБОТНИ ОДНОСИ

**Член 26**

(1) На правата, обврските и другите прашања од областа на работните односи на вработените во Националната опера и балет се применуваат одредбите од Законот за културата и прописите за јавната администрација, прописите за работните односи и колективните договори склучени во согласност со закон.

(2) Прашањата од областа на работните односи на вработените во Националната опера и балет се доуредуваат со колективен договор на ниво на работодавец, во согласност со закон и со Колективниот договор за култура.

## VI. ОПШТИ АКТИ

**Други општи акти**

**Член 27**

(1) Одредени прашања од работењето на Националната опера и балет поблиску се уредуваат со правилници и други општи акти, во согласност со закон и овој статут.

(2) Во смисла на став (1) на овој член, во Националната опера и балет се донесуваат особено:

1) Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места;

2) Годишен план за вработување, согласно закон;

3) Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас;

4) Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, начинот на спроведување на реаудицијата, како и начинот на нивно бодување;

5) Правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно Законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво;

6) Правилник за стручно усовршување;

7) Правилник за заштита при работа;

8) Правилник за заштита од пожар;

9) План за заштита и спасување;
10) Деловник за работа на управниот одбор;
11) Деловник за работа на уметничкиот совет;
12) Акти за чувањето, обработката и користењето на документацијата;
13) Други акти кои произлегуваат од овој статут или закон.

(3) Актите на Национална опера и балет мора да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, важечките законски и подзаконски прописи и со овој статут.

**Член 28**

(1) Националната опера и балет е должна на својата веб страница да ги објави проектите кои се реализираат во тековната година.

(2) Националната опера и балет во првиот квартал од тековната година за претходната година доставува извештај до Министерството за култура и туризам за реализацијата на годишната програма, кој содржи наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури и конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање.

(3) Националната опера и балет на својата веб страница, во првиот квартал во тековната година за претходната година, го објавува извештајот за реализацијата на годишната програма за работа.

**Член 29**

Статутот на Националната опера и балет и другите општи акти што ги донесува управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 30**

(1) Иницијатива за донесување на нов статут или измени и дополнување на истиот може да поднесе:

1. Најмалку една третина од вкупниот број членови на управниот одбор на Национална опера и балет и
2. Директорот на Национална опера и балет и
3. Друг надлежен орган.

(2) Иницијативата од став (1) на овој член, во писмена форма се доставува до управниот одбор на Националната опера и балет.

(3) Управниот одбор е должен да ја разгледа иницијативата и по истата да донесе соодветна одлука.

(4) Одлуката од ставот (3) на овој член се доставува до подносителот на иницијативата.

**Член 31**

Изменување и дополнување на статутот и другите општи акти на Националната опера и балет се врши по иста постапка, како и за нивното донесување.

**Член 32**

Сите општи акти што се донесуваат во Националната опера и балет задолжително се објавуваат на нејзината огласна табла, а влегуваат во сила осмиот ден од денот на нивното објавување.

## VII. КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ, ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ОДБРАНАТА, ВОЕНА И ВОНРЕДНА СОСТОЈБА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Класифицирани информации**

**Член 33**

(1) Класифицирана информација е информација која се заштитува од неовластен пристап или употреба и која се определува со степен на класификација согласно со закон.

(2) За класифицирани информации се сметаат документи и податоци кои:

- надлежен орган ги прогласил за класифицирана информација;
- како доверливи надлежен орган му ги соопштил на Националната опера и балет
- во врска со одбраната се означени како класифицирани информации.

(3) Класифицирана информација претставуваат и документи кои се определени со прописите, а кои управниот одбор ги прогласил за класифицирана информација.

(4) Документите и податоците што се сметаат за класифицирана информација се должни да ги чуваат сите работници на Националната опера и балет, додека се во работен однос, и по престанувањето на работниот однос во рок од три години.

(5) Документите и податоците што претставуваат класифицирана информација не можат да се даваат на увид без одобрение на директорот на Националната опера и балет.

**Член 34**

(1) Класификацијата на информациите се врши според нивната содржина од овластено лице, согласно законските прописи.

(2) Информациите кои не се наменети за јавна употреба, а со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на Националната опера и балет добиваат ознака „за ограничена употреба“.

**Член 35**

(1) Критериумите, мерките и активностите за заштита и користење на класифицираните информации се определени согласно закон и Планот за заштита на класифицираните информации за вонредни состојби.

(2) Националната опера и балет е должна да создаде услови неопходни за заштита на класифицирани информации и да преземе мерки за елиминирање на негативните последици, ако дојде до откривање на класифицираните информации.

(3) За ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации во Националната опера и балет, се определуваат овластени лица кои треба да поседуваат безбедносен сертификат, кој им се издава за соодветен степен на класифицирана информација, согласно принципот „потребно е да се знае“.

(4) За давање на документи и податоци кои што се прогласени за класифицирани информации на трети лица, се води посебна евиденција, во која се евидентираат: името и презимето на лицето и називот на органот на кои им се соопштени податоците, односно им се дадени документите, видот на податоците, формата во која се соопштени и за каква цел и по чие барање се дадени.

(5) Евиденцијата од став (1) на овој член се смета доверлива и се чува на посебно безбедно место, во просториите на Националната опера и балет.

**Прашања поврзани со одбраната**

**Член 36**

(1) Класифицирана информација претставуваат податоците во документите од значење на одбраната.

(2) На документите кои претставуваат класифицирана информација, во зависност од нивното значење, во горниот десен агол им се става зборот „ОДБРАНА“, а под него им се одредува еден од следните три степени на тајност: „строго доверливо“ „доверливо“ или „интерно“.

**Член 37**

Националната опера и балет изготвува документи, се организира и спроведува подготовки за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи, согласно со закон.

**Член 38**

Националната опера и балет во соработка со Министерството за култура и туризам, го врши финансирањето на подготовките за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

**Член 39**

По барање на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, Националната опера и балет е должна да врши услуги кои се од посебно значење на одбраната.

**Воена и вонредна состојба**

**Член 40**

(1) Во воена или вонредна состојба, Националната опера и балет презема мерки за заштита и спасување на вработените и корисниците на услуги, кои ќе се затекнат во просториите на установата и нејзините објекти, како и спроведување на посебни мерки за заштита на материјалните добра и документите, материјалите и податоците кои претставуваат класифицирана информација и друга тајна.

(2) Вработените се должни во случај на воени конфликти или во случај на вонредна состојба заради природни непогоди и други несреќи, да се грижат за имотот на Националната опера и балет. Задачите и обврските на вработените во вакви услови се определени согласно законот.

**Член 41**

Во делот на одбраната во Националната опера и балет, не се изготвуваат посебни општи акти, а директно се применуваат законските и подзаконските прописи за оваа област.

**Заштита на лични податоци**

**Член 42**

(1) При извршувањето на работните обврски, Националната опера и балет има потреба од користење на личните податоци за вработените во Национална опера и балет и посетителите на Националната опера и балет, кои се користат согласно прописите за заштита на личните податоци.

(2) Личните податоци за вработените во Националната опера и балет се собираат, обработуваат и доставуваат на трети лица согласно со закон, заради остварување на правата и обврските од работниот однос или во врска со работниот однос.

(3) Личните податоци за надворешните лица во Националната опера и балет се собираат, обработуваат, употребуваат и по потреба доставуваат до надлежни органи, со цел за заштита на сопственоста на имотот, културното

наследство и другите материјални вредности кои се наоѓаат во Националната опера и балет.

**Член 43**

Личните податоци за вработените во Националната опера и балет и надворешните лица, може да ги собира, обработува, употребува и доставува на трети лица, само директорот на Националната опера и балет и/или од него овластени лица.

**Член 44**

Заштитата на личните податоци се врши согласно со законските и подзаконските прописи и општите акти на Националната опера и балет.

## VIII. ЕВИДЕНЦИЈА

**Член 45**

(1) Националната опера и балет е должна да води евиденција согласно прописите за канцелариско и архивско работење и тоа:

- интерни доставни книги, испратни книги за место, приемна книга за пошта;
- да води и чува досиеа на вработени;
- да води матична книга на претстави;
- да води евиденција на критичките написи, рецензии и белешки за премиерите и за дејноста на установата и збирка на работни програми и годишници;
- да води прегледи и збирки на написи на добиените награди и трофеи за ансамблите и поединци;
- да чува тон и видео записи, сценско-костимографски скици и макети, плакатотека и фототека;
- да води и чува досиеа за уметнички персонал (врвни, истакнати и првенци);
- да води и чува досиеа на претстави.

(2) Националната опера и балет може да води и друг вид на евиденција и документација во согласност со законските прописи, овој статут и актите на Националната опера и балет.

## IX. ФИНАНСИРАЊЕ

**Извори на средства**

**Член 46**

(1) Средствата за работа на Национална опера и балет се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и во постапка утврдени со Законот за културата и прописите за буџетско финасирање;
- Сопствени приходи од вршење услуги од нејзина надлежност;
- Донации на меѓународни организации или други домашни и странски правни и физички лица и
- Спонзорства, подароци, завештанија и други извори утврдени со закон.

(2) Сопствените приходи во смисла на став (1) алинеја 2 на овој член се обезбедуваат од:

- Влезници;
- Приходи од услуги;
- Публикации, книги и слично;
- Приходи од други видови на договорни активности.

(3) Висината на цената на услугите во смисла на став (2) на овој член ги утврдува управниот одбор на Националната опера и балет со одлука или правилник, со кој се определува видот на услугата и надоместокот за нејзино извршување (ценовник).

## X. ИНФОРМИРАЊЕ

**Известување на вработените**
**Член 47**

(1) Известувањето на вработените во Националната опера и балет се врши на начин достапен на секој работник.

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши задолжително преку огласната табла и непосредно од страна на раководните работници.

(3) На огласна табла се објавуваат општите акти на Националната опера и балет, поединечните акти на управниот одбор и на директорот на Националната опера и балет, соопштенија и други пишани акти.

(4) Директорот и раководните работници се должни редовно да ги информираат вработените за работењето на Националната опера и балет и за постигнатите резултати, за актуелните состојби и отворените прашања, претстојните активности и слично, што се од интерес на вработените.

(5) На барање, секој вработен може да оствари увид во службената документација со одобрение на директорот на Националната опера и балет, со исклучок на документите што претставуваат класифицирани информации, заштитени лични податоци или се означени со друг вид и степен на тајност согласно со закон.

**Известување на јавноста**
**Член 48**

(1) Работата на Националната опера и балет е јавна.

(2) Националната опера и балет ја известува јавноста за своето работење преку средствата за јавно информирање и во согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

(3) Известувањето во смисла на став (2) на овој член се врши преку посебни соопштенија, платени огласи, написи, разговори, учество во специјални емисии на електронските медиуми и слично.

(4) Известувањето на јавноста се врши и преку една или повеќе интернет страници на Националната опера и балет.

(5) Одговорно лице за давање информации на јавноста е директорот на Националната опера и балет и/или лицето што тој ќе го овласти согласно со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 49**

(1) Јавноста во работата на Националната опера и балет се обезбедува и преку објавување во средствата за јавно информирање или на интернет на следните податоци:

- назив и адреса на Националната опера и балет,
- вид на дејноста која ја врши Националната опера и балет,
- работно време на Националната опера и балет,
- ценовник на услуги и
- лого, односно заштитен знак на Националната опера и балет.

## XI. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Работно време**
**Член 50**

(1) Работното време на Националната опера и балет го определува управниот одбор на Националната опера и балет со одлука, доколку со закон или колективен договор не е поинаку определено.

(2) Во оправдани случаи, по потреба, управниот одбор на Националната опера и балет може со посебна одлука да определи поинакво работно време за одделни проекти, програми, претстави, концерти или други програмски активности на Националната опера и балет, различно од работното време определено во смисла на став (1) на овој член.

**Штрајк**
**Член 51**

Вработените во Националната опера и балет имаат право на штрајк организиран во согласност со закон и со колективен договор.

**Имот на установата**
**Член 52**

(1) Националната опера и балет има на користење недвижен имот кој е во државна сопственост, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Национална установа Македонска опера и балет („Службен весник на Република Македонија" бр. 77/2013) и Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 126/2023), и тоа:

- Простории во зграда број 1, на адреса Бул. Гоце Делчев бр. 4, лоцирани на КП бр. 9505/1, КО Центар 1, со вкупна површина од 27.528 $м^2$ запишани во имотен лист бр. 40986.

(2) За движниот и недвижниот имот на Националната опера и балет се води книговодствена евиденција и истиот се користи во согласност со прописите за располагање и користење со ствари во државна сопственост.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Усогласување на работата**
**Член 53**

Националната опера и балет ќе ја усогласи својата работа со одредбите на овој статут во рок од еден месец од денот на неговото влегување во сила.

**Донесување на општите акти**
**Член 54**

Другите општи акти од член 27 став (2) од овој статут, ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој статут.

**Престанување на постојниот статут**
**Член 55**

Со влегувањето во сила на овој статут престанува да важи Статутот на Националната установа Македонска опера и балет Скопје бр. 01-245/3 од 27.01.2016 година, бр. 01-4545/7 од 19.10.2016 година, бр. 03-344/3 од 29.01.2018 година, бр. 01-1035/3 од 13.03.2019 година и бр. 02-3380/5 од 23.09.2024 година.

**Влегување во сила на овој Статут**

**Член 56**

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Националната опера и балет, а ќе се објави веднаш по добивањето на согласност од министерот за култура и туризам.

Бр. 01-2067/2

12.06.2026 година

**Претседател на Управен одбор,**

**Ивана Дамовска**